РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2454/1
20-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата по која е оформен предметот со бр. 12-2533/1 од 22.09.2025 година, против Трговското друштво за геодетски работи "----" ДОО ----и управителот на друштвото, лицето ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават на понатамошно постапување до Комората на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи.

Предметот со бр. 12-2533/1 од 22.09.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 22.09.2025 година, поднесена е пријава против Трговското друштво за геодетски работи "----" ДОО ----и управителот на друштвото лицето ----, и оформен е предмет бр. 12-2533/1 од 22.09.2025 година. Подносителот наведува дека било потребно итно поведување на постапка за одземање на лиценца за работа на трговското друштво за геодетски работи „----" ДОО ---- и за утврдување одговорност на управителот ----, поднесена согласно

член 241 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија", бр. 55/2013, 41/2014, 101/2014, 115/2014, 116/2015, 116/2015, 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/2016, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2019, 71/2020 и 155/2024). Во пријавата се посочува на документирани и системски незаконитости во работењето на наведеното друштво, кои сериозно го нарушувале правниот поредок и интегритетот на катастарот на недвижности. Клучни основи за пријавата биле следните:
1. Претходно утврдена повреда: Со Записник од извршен надзор на АКН бр. ---- од ----година, веќе било констатирано дека Друштвото не ги користело податоците од катастарот на недвижности, што претставувало повреда на член 124 став (1) од Законот за катастар на недвижности, и за истата веќе била изречена глоба. Со ова бил исполнет условот од член 244 став (4) од истиот закон за доставување предлог до Комората за одземање на лиценцата.
2. Работа со истечено овластување: Според официјален одговор од АКН бр. ---- од ----година, овластувањето за овластен геодет на управителот ---- престанало да важи на ден ---- година, согласно член 111 став (1) алинеја 5 од Законот за катастар на недвижности. Секое изготвување и потпишување на геодетски елаборати од нејзина страна по овој датум претставувало неовластено вршење на дејност.

*Според член 128 став 1 до 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/2016 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2019 и 155/2024) (понатаму: Закон):*
*(1) Комората има јавни овластувања утврдени со овој закон и за истите води евиденција;*
*(2) Јавните овластувања се однесуваат на издавање и одземање на лиценца за вршење на геодетски работи, водење на Именикот на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за вршење на геодетски работи и на изготвување на тарифник за висината на надоместокот за извршените геодетски работи;*
*(3) Надзор над вршењето на јавните овластувања од ставот (2) на овој член спроведува Агенцијата преку:*
*- укажување на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на Комората,*
*- давање препораки за доследно спроведување на овој закон во делот на извршувањето на јавните овластувања и;*

*- давање мислења и стручна помош;*
*(4) Ако Комората не ги отстрани недостатоците од ставот (3) алинеја 1 на овој член, јавните овластувања и се одземаат или ограничуваат најмногу до една година, со решение на директорот на Агенцијата;*
*(5) Решението од ставот (4) на овој член е конечно и извршно, а против истото е дозволена тужба пред управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението;*
*(6) Одземените или ограничените јавни овластувања од ставот (2) на овој член во име на Комората ги врши Агенцијата, согласно со овој закон, во рок најмногу до една година.*

По разгледувањето на пријавата ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување, поради тоа што се работи за прашања од законска надлежност на друг државен орган. Имено, согласно член 128 став 1 и 2 од Законот за катастар на недвижности, Коморатата има јавни овластувања утврдени со овој закон и за истите води евиденција, меѓу кои овластувања е и издавањето и одземањето на лиценца за вршење на геодетски работи. Дополнително, пријавените лица не се службени лица согласно член 8 од ЗСКСИ.

За понатамошно надлежно постапување ДКСК ќе го достави предметот на Комората на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk